**20240270618**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 11 став (1) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седница, одржана на 7 февруари 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КАПИТАЛНИТЕ ДОТАЦИИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНИТЕ И ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се определува користењето на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти, односно за инфраструктурни проекти на општините и општините во Градот Скопје за 2025 година, во вкупен износ до 15.000.000.000 (петнаесет милијарди) денари.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа програма ќе се користат за финансирање на инфраструктурни проекти на општините и општините во Градот Скопје за 2025 година, во областа на транспорт, образование и наука, култура, животна средина и просторно планирање, социјална политика, демографија и млади и спорт.

Член 3

Средствата од член 1 од оваа програма ќе се користат по претходно објавен јавен повик од Министерството за локална самоуправа за изразување на интерес од општините и општините во Градот Скопје за финансирање на инфраструктурни проекти, а врз основа на утврдени критериуми од секое надлежно министерство за областите од член 2 од оваа програма, согласно член 8 став (4) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

При утврдување на критериумите, надлежните министерства го земаат предвид резидентното население во секоја општина, согласно последниот попис во Република Северна Македонија, како и комплетноста на потребна проектна документација со сите потребни дозволи и согласности за непречено отпочнување постапка за јавна набавка.

Член 4

Министерството за локална самоуправа, преку Координативното тело за следење и координација на активностите за спроведување на Потпрограмата АА, Инфраструктурни проекти на општините, ги распределува поднесените апликации по јавниот повик од член 3 од оваа програма до надлежните министерства за областите од член 2 од оваа програма.

Член 5

Надлежните министерства за областите од член 2 од оваа програма вршат евалуација на пристигнатите проектни документации, согласно утврдените критериуми, за што подготвуваат и до Министерството за локална самоуправа доставуваат извештај од извршена ева-луација.

Член 6

Министерството за локална самоуправа, врз основа на извештаите од член 5 од оваа про-грама, подготвува и до Владата на Република Северна Македонија доставува збирен извештај за финансирање на предложени инфраструктурни проекти.

Член 7

Користењето на финансиските средства за инфраструктурни проекти на општините и општините во Градот Скопје ќе се врши врз основа на донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија на предлог на надлежното министерство во соработка со Мини-стерството за локална самоуправа.

Член 8

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен вес-ник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1589/2
7 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.